20251723719

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 43 став (2) од Законот за фитофармација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 274/22, 129/23, 218/24 и 124/25), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПОСЕТУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ ЗА ФИТОФАРМАЦИЈА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КОРИСНИЦИ, СОВЕТНИЦИ И ДИСТРИБУТЕРИ И ЗА ПОЛАГАЊЕТО НА ИСПИТОТ ЗА СОВЕТНИЦИ И ДИСТРИБУТЕРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на трошоците за посетување на обуките за фитофармација за професионални корисници, советници и дистрибутери и за полагањето на испитот за советници и дистрибутери.

Член 2

Висината на трошоците за посетување на обуките и полагање на испитот за фитофармација за професионални корисници, советници и дистрибутери изнесува за:

- одржување на основна обука за фитофармација, фитомедицина и одржлива употреба на фитофармацевтски производи за советници - една просечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година;
- одржување на основна обука за фитофармација, фитомедицина и одржлива употреба на фитофармацевтски производи за дистрибутери - 70% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година;
- одржување на основна обука за фитофармација, фитомедицина и одржлива употреба на фитофармацевтски производи за професионални корисници - 5% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година;
- одржување на обука за обновување на знаењето за фитофармација, фитомедицина и одржлива употреба на фитофармацевтски производи за советници - 70% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година;
- одржување на обука за обновување на знаењето за фитофармација, фитомедицина и одржлива употреба на фитофармацевтски производи за дистрибутери - 50% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година;
- одржување на обука за обновување на знаењето за фитофармација, фитомедицина и одржлива употреба на фитофармацевтски производи за професионални корисници - 5% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година;
- спроведување на првиот и вториот дел од испитот по завршената основна обука за фитофармација за советници и дистрибутери - 5% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година;
- спроведување на првиот и вториот дел од испитот по завршената обука за обновување на знаењето за фитофармација за советници и дистрибутери - 3% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година и

- подготовка на базите на прашања, спроведување на тестовите, изготвување на материјалите и покани и изготвување на потврди и легитимации - 10% од просечната нето плата исплатена во Република Северна Македонија во претходната година.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 104-8101/3
15 август 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.